ПРЕТСТАВНИЦИ: д-р Аднан Јашари, министер за правда и

Билјана Бришкоска Бошковски, заменик на министерот за правда

ПОВЕРЕНИЦИ: Илија Ристовски, државен секретар во Министерството за правда и

Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
за изменување на Законот за судска служба,
по скратена постапка

Скопје, март 2015 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.42-3528/1
31.03.2015 година
С к о п ј е

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување на Законот за судска служба, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 31.03.2015 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Аднан Јашари, министер за правда и Билјана Бришкоска Бошковски, заменик на министерот за правда, а за повереници Илија Ристовски, државен секретар во Министерството за правда и Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

Подготвил: Катерина Јаневска
Проверил: Љубица Р.Димовска
Контролирал:Дејан Јакимовски
Согласен:Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Статусот и одредени статусни прашања, правата, обврските, одговорностите, како и системот на плати и надоместоци на плати на вработените во судовите се утврдени во Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“бр.43/14 и 33/15)

Во член 144 од Законот за судска служба утврдена е обврска за судските службеници кои имаат засновано работен однос во судот, заклучно со денот на отпочнување со примена на Законот, да доставaт докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, во рок од две години од денот на отпочнување со примена на Законот за судска служба.

Со Заклучок од Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 24.03.2015 година, а во врска со усогласувањето на одредени материјални закони со измените на Законот за административни службеници, предложени од група пратеници, се предлагаат измени на Законот за судска служба, а имајќи во предвид дека судските службеници имаат статус на административни службеници.

Се предлага одложување на рокот за доставување на доказите за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, од утврдениот рок две години од денот на отпочнување со примена на Законот за судска служба во предложениот рок од една година од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија

Со оглед на наведеното се одлучи да се изврши изменување на Законот за судска служба.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба се се заснова на истите начела на кои се заснова Законот за судска служба.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА

Соглед на тоа што се исполнети условите утврдени во членот 170 од Деловникотна Собранието на Република Македонија, односно предложениот закон не е од сложен и обемен карактер, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА

Член 1

Во Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“бр.43/14 и 33/15) во членот 144 став (1) зборовите „ во рок од две години од денот на започнувањето со примена на овој закон“ се заменуваат со зборовите „соодветни на неговото работно место, на кое бил распореден на денот на отпочнување со примена на овој закон, во рок од една година од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за судска служба се состои од два члена.

Со членот 1 од предложениот закон се врши изменување на членот 144 став (1) од Законот за судска служба, кое се однесува на одложување на рокот во кој судските службеници кои имаат засновано работен во судот, заклучно со денот на отпочнување со примена на Законот, имаат обврска да достават докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење. Одложувањето на доставувањето на доказите е во рок од две години од денот на отпочнување со примена на Законот за судска служба.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите од предложениот закон се меѓусебно поврзани со одредбите од Законот за судска служба и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот текст на Законот за изменување на Законот за судска служба се регулираат прашањата кои се однесуваат на доставување на докази за исполнување на услови на веќе вработените судски службеници во поглед на познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 144

(1) Судскиот службеник кој засновал работен однос во судот заклучно со денот на отпочнување со примена на овој закон, треба да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење, во рок од две години од денот на отпочнување со примена на овој закон.

(2) Судскиот службеник кој нема да достави докази за познавање на странски јазици и познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење согласно став (1) од овој член, ќе биде распореден на работно место за една категорија пониско од работното место на кое бил во моментот на стапување во сила на законот, освен судските службеници кои на денот на отпочнување со примена на овој закон биле распоредени на работно место на влезните нивоа.

(3) Ставот (1) и (2) на овој член не важи за судските службеници, кои ќе остварат право на пензија во рок од десет години од денот на отпочнување со примена на овој закон.